# ПРЕВОДИ

**Денис РОНГ**

## СЕГАШНАТА СОСТОЈБА НА АМЕРИКАНСКАТА СОЦИОЛОГИЈА. Прегледен труд:

*Границите на социјалната теорија*, уредник Џорџ Рицер; *Прирачник по социологија*, уредник Неил Ј. Смелсер; и *Неможната наука: Институционална анализа на американската социологија*, Стефан Парк Танер и Џонатан Х. Танер*

Чувство на изнемоштеност го пронижува полето на социологијата во последната декада. Секако, може да се докажува и често се докажуваше дека кризата е ендемична на ова поле на кое отсекогаш му недостасувал јасно омеѓен предмет на истражувањето и доминантно теориско и методолошко сочиво. Сепак, сегашната криза е повеќе институционална отколку интелектуална, макар што е познато дека повеќегодишната интелектуална криза ја зголемува ранливоста на социологијата во однос на внатрешните поделби и надворешните закани.

Мерен според бројот на запишани студенти, постдипломци, одбранети докторати, според федералната финансиска поддршка на истражувањата и програмите на колеџите и универзитетите како и според бројот на членови во Американската социолошка асоцијација (АСА) – националната академска организација на оваа дисциплина – развојот на социологијата го достигна

* **Dennis Wrong, "The Present Condition of American Sociology. A Review Article"**, (во Comparative Studies in Society and History, Vol. 35, No.1 January 1993: 183-196):
Frontiers of Social Theory, edited by George Ritzer (New York: Columbia University Press, 1990);
Handbook of Sociology, edited by Neil J. Smelser (Newbury Park, CA.: Sage Publications, 1989);
The Impossible Science: An Institutional Analysis of American Sociology, by Stephen Park Turner and Jonathan H. Turner (Newbury Park, CA.: Sage Publications, 1990).

својот врв во раните 1970–ти. Но, од 1974 и 1975 се забележува скоро еднообразен надолен тренд на сите овие индикатори. Иако од 1985 се воочува извесно зголемување на бројот на дипломираните, докторираните и членството во АСА, тешко е да се рече дека овој скромен пораст има некакво вистинско значење. Кон крајот на 1980–тите два главни универзитета, Универзитетот во Рочестер и Вашингтон универзитетот во Сент Луис, одлучија да ги укинат нивните социолошки институти. Постојаните гласишта дека за нешто слично се размислува на уште еден голем универзитет, на Јел, во 1992 беа проследени со објава дека Јел значително го скратува интерното финансирање и кадровско екипирање на социологијата. Во 1990 печатот извести за жестоки препирки на Харвард, во кои постарите социолози ја нападнаа универзитетската мултидисциплинарна програма за социјални студии, во која социолозите беа третирани како „заведени“, „антикварни“ и, според страшниот суд, како „англофили“.[1] Според Њујорк Тајмс, програмата за социјални студии се концентрира на класичните социјални теоретичари како, на пример, Токвил, Фројд и Вебер додека, пак, институтите за социологија „нагласката ја ставаат врз анализата на статистичките бази“. Ако е така, тогаш не е за чудење тоа што социјалните студии, онака како што ги назначија неколкумина истакнати бранители, привлекуваат подобри студенти и постдипломци. Оваа контроверза наликува на старите поделби во социологијата меѓу квалитативната теорија и квантитативното истражување кои датираат уште од 1920–тите. Но, тешко дека харвардското поистоветување на социологијата како таква со последната го подобрува статусот на социологијата како во јавноста така и во рамките на универзитетот.

Одлуката на Вашингтон универзитетот од пролетта 1989 за распуштање на институтот за социологија како и кратката статија објавена веднаш потоа во Њујорк Тајмс, насловена *„Долгата пустоловна декада на социологијата“*, ги поттикна социолозите на *силна одбрамбена активност*.[2] Службениците на АСА и

---

1 “Bitter Debate Ignites over Social Sciences” („Се разгорува жустра расправа околу социјалните науки“), The New York Times, April 16, 1990, p. B4.

2 “Sociology's Long Decade in the Wilderness”, The New York Times, Section E, “The Week in Review”, May 28, 1989, p. 6.

раководителот на програмата за социологија при Националната фондација за наука напишаа протестни писма до Тајмс во кои нагласуваа дека во текот на 1980–тите страдале сите социјални науки, а не само социологијата и посочуваа на порастот на бројот на членството во АСА и на вработувањето на социолозите како докази за препородот. Одговорните на американската социолошка асоцијација пророчки изјавија дека „социологијата е млада наука и дека таа сѐ уште го трасира своето место на универзитетите и во свеста на јавноста“.[3]

Харвардските социолози и одговорните од американската социолошка асоцијација ја препознаа социологијата како наука, иако значителен број на социолози отсекогаш го поддржуваат сфаќањето дека социологијата ниту може ниту треба да тежнее да стане строга или чиста наука, според моделот на природните науки. Уште повеќе, анти–научната позиција, најчесто изведувана врз различни европски филозофски критики на позитивизмот, стана многу широко прифатена во 1960–тите, токму во периодот на најголемата експанзија на ова поле. Спротивно на познатата оценка на одговорните од АСА дека социологијата е „млада наука“, кратката но богата историја на американската социологија на Стефан и Џонатан Танер, насловена *„Неможната наука“*, дел од вината префрла врз самата американска социолошка асоцијација.

Во нивната книга, *„Неможната наука: Институционална анализа на американската социологија“*, Танерови докажуваат дека за приближување кон науката, американската социолошка асоцијација би морала да врши централна контрола над дистрибуцијата на интелектуалните ресурси кај социолозите, но не само над финансирањето туку и над овластувањето на секциите кои ги претставуваат специјалностите, над организирањето на сесиите на годишните собири и дистрибуцијата на просторот во журналите кои ги објавува таа. Наместо тоа, АСА досега следеше една екуменска политика на признавање и помагање на сите поединци или групи кои претендираа на социолошка дисциплинарна етикета. Џонатан Танер, како што потврдуваат неговите многубројни публикации, останува силен верник во можноста за трансформирање на социологијата во вистинска наука споредлива со

3 Letters, "Sociology is Young Science, Still Carving Its Place". New York Times, June 27, 1989, p. A22.

биологијата или физиката. Другиот Танер, Стефан, (тие не се роднински поврзани) е скептичен. Сепак, и двата автора се согласуваат дека во САД никогаш не постоеле организациски услови погодни за вистинска научна социологија и дека денес таквите услови се уште помалку евидентни во споредба со минатото.

Танерови напишаа, како што самите ја нарекуваат, „институционална анализа" на американската социологија, анализа која се сосредоточува врз промените во „материјалната база", а не врз преработката на интелектуалната историја на идеите, различните школи, и централните теми кои меѓусебно се надминувале и последувале во текот на векот на институционализација на социологијата на американските универзитети. Ова го зголемува интересот за нивната книга затоа што веќе постојат многу истории од последниот вид, а книгата е пионерски пример за првиот вид. Меѓутоа, фрагментацијата и разнообразноста во социологијата не е можно да се издвои од видливата неограниченост на прокламираниот предмет на истражување на ова поле. Општеството, општествените односи, или општествениот живот се термини кои сосема јасно ги опфаќаат скоро сите човечки активности и оттука се јавува судирот или поклопувањето со другите академски или неакадемски корпуси на знаење кои полагаат право на посебните области од човековата активност. Следствено на ова, ако се покажува дека социологијата е наука со империјалистички когнитивни претензии и дека поттикнува отпор кај практикантите од другите дисциплини, таа е, исто така, како што ја нарече еден од најпројавените и најуверените градители на социологијата како наука, Џорџ Хоманс (George Homans), „наука со шуплива граница".[4]

Големата експанзија во 1960-тите која беше резултат на тоа што низ таквата граница навлегоа неколку освојувачки армии орни да го освојат и редефинираат полето, беше поддржана од исклучително големи кохорти на студенти и постдипломци од беби-бум генерацијата. Ниту еден од освојувачите не триумфира, но сите заедно успеаја во разнебитувањето на етаблираната социологија која ја оспоруваа, една постановка која меѓу двете декади веднаш после Втората светска војна успеа да постигне, ка-

4 Цитирано според Barrington More, Jr. во More, Political Power and Social Theory (Cambridge, MA.: Harvard University Press, 1958), 127.

ко што го нарекуваат Танер и Танер, „пливачки консензус". Разнообразната и децентрализирана материјална основа опишана од Танер и Танер, сепак, им овозможи на предизвикувачките и детронизирачки постановки да се вкопаат себеси во различни енклави и тврдини. Поради тоа, од шеесеттите години до денес социологијата претставува слика на постојан хаос или на здрава плуралистичка разновидност, зависно од тоа кој како сака да ја види, која сè повеќе наликува на релативно трајна состојба. Пространоста и разнообразноста на ресурсите на растот на ова поле одеше во прилог на изнаоѓањето на сигурносна нишка и, во најмала рака, саморепродукција на скоро секоја интелектуална тенденција во него.

Современата американска социологија е комбинација од три значително дистинктивни потфати, општо препознатливи како теорија; реформизам, или истражување на општествените проблеми со насока за нивно подобрување; и истражувачки методи, вклучувајќи ја елаборацијата на статистички па дури и математички техники. Од последната декада на деветнаесеттиот век до крајот на Првата светска војна, социологијата помина низ еден невиден процес на институционализација како поле на инструкција и истражување во американските колеџи и универзитети. Некаде по 1915 година, социологијата на институтот за социологија на универзитетот во Чикаго стекна премоќ над полето во целина. Тоа траеше до доцните 1930–ти години. Социологијата од Универзитетот во Чикаго беше најодговорна за востановување и нагласка на емпириското истражување водено од општи или теориски идеи кои станаа заштитен знак на американската социологија како различна од апстрактната, филозофска и често идеолошки ориентирана европска социологија.

Чикашката школа во нејзиниот теориски пристап беше лежерна и еклектичка, за разлика од многу поцврстото „единство меѓу теоријата и истражувањето" карактеристично за Колумбија и Харвард кои станаа доминантни после Втората светска војна. Структурално–функционалнистичката теорија на Талкот Парсонс и Роберт Мертон го обезбеди теориското сочиво, а истражувањата на ставовите и мислењето развиени и усовршени од Пол Лазаресфелд (Paul Lasaresfeld) и Семјул Штофер (Samuel Stouffer) станаа нов и претпочитан метод на истражување. Тие ја сочинуваа поставката која беше предмет на реакциите од 1960–

тите. За разлика од чикашката школа, последната испушти во себе да го инкорпорира интересот за реформи, нешто што од секогаш било главен составен елемент на американската социологија. Тоа придонесе за нејзиниот пропаст во времето на левите политички побуни и движења на интелигенцијата. Подоцнежниот брз пад и распрснување на Новата Левица ја помогна сегашната состојба на фрагментација на социологијата.

Книгата „Границите на социјалната теорија", која претставува најнова колекција на конференциски прилози, во издание на Џорџ Рицер (George Ritzer) содржи глави кои се напишани од различни автори кои претставуваат единаесет специфични теориски тенденции. Пет од нив, од страна на издавачот се препознати како пресоблечени варијанти на традиционалните теории: неофункционализмот, конфликтната теорија и „макроисториската" социологија, неомарксизмот, симболичкиот интеракционизам и теоријата на размената. Останатите шест се означени како „понови", што значи дека не биле познати пред седумдесеттите или барем шеесеттите години: етнометодологијата, францускиот структурализам, постмодернизмот, културалната социологија и феминистичката социолошка теорија. Во заклучниот коментар со кој завршува книгата, Норберт Вили (Norbert Wiley) тврди дека постоечкиот теориски плурализам најверојатно ќе продолжи.[5] Тој него го карактеризира како „здрава" и многу поттикнувачка „креативна" состојба.

Ова изгледа како величење на нужноста. Вили накратко воведува три алтернативни можности; можна предоминација на научно-конститутивната, позитивистичка, или, пак, на интерпретативната и "осмислувачка" социологија; поделба на социологијата на две посебни дисциплини; или издигање на нова „хегемонистичка теорија" која би ги комбинирала причинските и осмислувачките толкувања и која би ги искористувала како квантитативните така и квалитативните истражувачки методи, така како што своевремено и на свој начин постапија чикашката школа и функционализмот на Парсонс и Мертон. Јас се приклонувам кон вилиевото убедување дека продолжувањето на сегашната раз-

5 Norbert Wiley, "The History and Politics of Recent Sociological Theory", во George Ritzer, ed., Frontiers of Social Theory (New York: Columbia University Press), 392-415.

нообразност е многу поверојатно од било која од овие три можности. Како сведок на големата експанзија на ова поле од текот на 1960–тите, кога тоа беше преплавено од сите видови на првично подредени или маргинализирани тенденции – тривијални и продлабочени, дестимулативни и поттикнувачки, филозофски, идеолошки и терапевтски – јас сметам дека е тешко замисливо дека социологијата би можела уште еднаш да биде завладеана од еден единствен кохерентен светоглед, иако обидите за интегрирање на полето без сомнение ќе бидат постојано присутни.

Вилиевиот оптимизам во однос на постоечкиот плурализам, веројатно, е делумно насочен против Џонатан Танеровиот многу понегативен поглед изнесен во претпоследниот есеј од книгата на Рицер.[6] Танер пишува за горчината и сомничавоста со која меѓусебно се оценуваат различните современи школи кои многу ретко прават, ако воопшто прават, обиди за изнаоѓање на заеднички основи. Теоретичарите кои се обидуваат да ги премостат различните школи како, на пример, Ентони Гиденс (Anthony Giddens) и Рандал Колинс (Randall Collins), и покрај нивната значајност, најчесто се испуштаат како еклектичари. Танер исто така забележува дека жестоката контроверза постои и во самите теориски ориентации, а не само меѓу нив. Уште повеќе, различните специјалисти во социологијата развиваат ограничени теории кои се релевантни само за нивната област и кои се многу слабо, ако воопшто се, поврзани со поопфатните теории. Такви случаи се, на пример, теоријата на етикетирањето во патологијата или ресурсно–мобилизациската теорија за општествените движења. Танер е веројатно во право кога тврди дека во сегашниот период на децентрализација се зголемил бројот на теориите за посебните општествени појави кои се истражуваат од посебните социологии, но тоа не е ништо ново. Како поткрепа на реченото ќе се потсетиме на некои поранешни примери како што беа теоријата на „концентричните зони“ за урбаниот раст и теоријата на „диференцијалното здружување“ за криминалот од ерата на чикашката школа и на Мертоновото експлицитно залагање од 1950–тите години за теории од „среден обем“ како различни од Прасоновата величествена теорија.

6 Jonatan Turner, “The Past, Present, and the Future of Theory in American Sociology”, во Ritzer, ed., Frontiers of Social Theory, 371-91.

Танеровата афирмација на оргиналната Контова и Спенсерова визија за науката за општеството него го прави сомничав во однос на споменатите центрифугални тенденции во социологијата. Но, согласувајќи се со Танер, не значи дека го споделуваме и неговото убедување дека деканите се многу загрижени за кусокот на насоченост во институтите за социологија, особено кога тие се од природните или хуманистичките науки и секогаш фрлаат ладен поглед кон полето со толку дифузен идентитет и толку видливо големи претензии. Таквите ставови, секако, придонесоа за одлуките за укинување на социологијата на универзитетите Рочестер и Вашингтон како и за нејзино поткастрување на Јел. Сигурно е дека институтите при првите два универзитета имаа историја на меѓусебни борби но се чини дека институтите за социологија беа особено склони за конфликт. Надополнувањето на познатите спорови меѓу квалитативниот и квантитативниот пристап, теоријата и истражувањето или реформските и политички ангажирани потфати наспроти технократските и спекулативни ангажмани со тековната разновидност не придонесува за поголема колегијална хармонија.

Танер забележува дека скорешното воведување на нови теориски пристапи резултирало во доршувањe на обидите за поврзување на теоријата со емпириското истражување, нешто што отсекогаш ја карактеризирало американската социологија. Неколкуте работи што беа преземени од Европа не беа само анти-позитивистички туку и анти-емпириски: како марксизмот на франкфуртската школа така и неговиот структуралистички ривал, некои бранши од феноменологијата и херменеутиката и најновите постструктуралистички и постмодернистички трендови од Париз. На најголемиот број европски мислители кои придобија свои следбеници помеѓу американските социолози, особено на француските, со исклучок на Пјер Бурдие (Pierre Bourdieu), му недостига било какво специфично социолошко образование – што е уште еден пример за постојаноста на отвореноста на границите на социологијата. Како што нагласи Рандал Колинс,[7] ова се однесува и за најмногу почитуваниот меѓу нив, Мајкал Фуколт (Michael Foucault), кого некои го издигнаа на ниво еднакво на кла-

7 Randal Collins, "Cumulation and the Anti-Cumulation in Sociology", American Sociological Review (June 1990), 462-3.

сичните теоретичари од минатото. Иако првата вистинска социолошка школа, онаа на Диркем, се разви во Франција, таа остана толку многу неразвиена и одвоена од било каков позначаен контакт со современата историја од 1930–тите така што и покрај индивидуалното влијание на некои како Рејмонд Арон (Raymond Aron), социологијата имаше многу мало влијание врз париската политичка и интелектуална сцена.

Францускaта мисла по 1960–тите, во значителна мерка, се зафати со откривање и преоткривање на внатрешните особини на социолошкото проникнување како, на пример, славењето на Жак Лакан (Jacques Lacan) засновано врз задоцнетото усвојување на психоанализата. Општо е познато дека овие внатрешности беа преземани во Соединетите Американски Држави, пред сè, од страна на академците при институтите за англиска и компаративна литература, каде што повлијаеја врз тековните расправи за канонизацијата и мултикултурализмот. Релативното не–учество на општествонаучниците, вклучувајќи ги и социолозите и покрај тоа што беа истакнати во протестите во кампусите од шеесеттите, можеби е резултат на нивната претходна информираност за прашањата кои ги покренуваа културниот релативизам и социологијата на познанието. На неколкумината социолози кои станаа следбеници на постструктуралистичките струи им недостасуваа галската смисла и суптилност на француските големци и, во најмала рака, резидуалните литерарни вештини на американските професори по хуманистика. Читателот на нивните книги на крајот извикнува, „Зар за ова го убивме Парсонс?“

Независно од привлечноста на анти–емпирицистичката епистемологија и филозофија на науката, едноставното намножување на теориските ориентации имаше негативно влијание врз воспоставувањето на врски меѓу теоријата и истражувањето. Курсевите и книгите по социолошка теорија тежнееја кон преглед на доминантните различности, а не кон обид за систематизација на концептуалниот јазик и демонстрирање на неговата релевантност за општите премиси за искуствениот свет. Како надополнување, отфрлањето на современите теории посветени на градење на наука доведе до обновување на интересот за носителите на ваквите идеи од класичниот период што резултираше во лавина од трудови со чисто толкувачка вредност. Вклучувањето на Маркс, во 1960–тите, во корпусот на основачите на социоло–

гијата значеше можност за претставување на марксологијата, еден многу дамнешен потфат, како социолошка теорија. Повторното откривање на Вебер во неговата родна Германија резултираше во енормен пораст на студиите за Вебер. Скоро исто толкаво внимание привлекоа и Диркем, Зимел, Токвил и Џ. Х. Мид. Значителен обем на секундарна литература почна да се присобира и за поновите автори како, на пример, Парсонс, Карл Манхајм, Ервинг Гофман и Фуко.

Нагласката на американската социологија врз емпириското истражување и врз американската социологија воопшто се појави во текот на 1920-тите и 1930-тите како реакција против кабинетското теоретизирање; спекулативното градење на системи на Конт, Спенсер и Лестер Вард (Lester Ward) и честото изедначување на теоријата со историјата на социјалната мисла. Денеска, повторно, теоријата се сведува на доктрини на поединечни мислители или школи, а не се сфаќа како елаборација на комплет од концепти и принципи кои се дизајнирани за привлекување на сите социолози и за покажување на нивната употребливост при објаснувањето на емпирискиот свет. Парсонс и Мертон отидоа предалеку, барем во програмска смисла на зборот, со тоа што применливоста на теоријата во истражувањето ја сфатија како критериум за нејзината оправданост. Но во текот на последните години теоријата и емпириското истражување беа остро раздвоени едно од друго иако теоријата и истражувачките методи и понатаму се општоприфатени курсеви за сите студенти на социологија.

Но, и покрај нејзината интенција да игра централизирачка и унифицирачка улога, теоријата е само еден дел од социологијата. „Прирачникот по социологија", чиј што уредник е Неил Смелсер, дава преглед на полето во целина и поседува извесен официјален статус, врз основа на тоа што беше предмет на неколку прегледни симпозиуми во водечките журнали во оваа област. Книгата вклучува три статии од теоријата, две од истражувачките методи и седумнаесет се посветени на субстантивни теми и специјалности во социологијата. Како што брзо забележаа критичарите, прирачникот испуштил неколку главни специјалности. Некои подтеми станале дел од социологијата затоа што биле остатоци на кои не полагале право другите општествени науки кои како посебни дисциплини се појавиле порано: семејството,

социјалната стратификација, социјалните движења, социологијата на религијата. Други, пак, се развија врз основа на интересот и желбата за поправање на воочените социјални проблеми: сиромаштијата, криминалот и девијациите, менталните болести, индустриските немири, расните и етничките конфликти. Двете главни поддисциплини на социологијата, криминологијата и демографијата, произлегоа од управните грижи на владите уште пред настанокот на социологијата како самостојна академска дисциплина. Додека, пак, некои – масовните комуникации во текот на 1940-тите, компаративниот национален развиток во 1960-тите, полот и сексот во 1970-тите – настанаа како одговор на видливите и значајни технолошки, политички и културни промени.

Посебните социологии се основното јадро на социологијата. Темите со кои тие се занимаваат никаде на друго место не се истражуваат на систематски, односно не-нормативен начин. Само ова обезбедува доволно оправдување за постоењето на социологијата како дисциплина. Такви теми се, на пример, да споменеме само некои кои се зафатени од востановените посебни социологии, криминалот, големите организации, занимањата и професиите, масмедиумите. Непорекливоста на светската значајност на споменатите ја оправдува внимателната и неутрална анализа. Во основа, голем дел од она што денес во социологијата се толкува како теорија веројатно би можело да биде разделено и поуспешно усвоено меѓу другите општествени науки, историјата и, веројатно, филозофијата. Но прилагодувањето кон истото и јурисдикцијата би условиле ужасни конфликти.

Сепак, во отсуство на унифицирачка теорија, растот на посебните подрачја ја децентрализира дисциплината и ја пресвртува во хетероген кластер од семи-автономни специјалности од кои некои немаат никакви врски со другите. Понекогаш се чини дека извесен степен на единство обезбедува употребата на стандардизирани истражувачки методи: К. Рајт Милс (C. Wright Mills) во неговата позната критика на социологијата од 1950-тите, „Социолошката имагинација", забележа тенденција кон прераснување на социологијата во „методолошка специјалност" која слугува во сите области на социјалните истражувања и е без сопствен предмет на истражување.[8] Но, по 1960-тите значител-

8 New York: Oxford University Press, 1959, 59-64.

но се зголеми и опфатот на методи со кои се служат социолозите. Прашалниците за испитување на ставовите и мнението го изгубија нивниот поранешен примат. Социолозите започнаа сè почесто да се служат со конвенционалната историографија и етнографија како и со методите на текстуално толкување позајмени од хуманистиката па дури и со иконографските техники. Една од вредните новини во историјата на социологијата за која се соопштува во книгата *Неможната наука* на Танер и Танер, е расправата во рамките на квантитативниот камп околу корисноста на текстовите на значајност, „објективизмот" и бихевиоризмот кои им се имплицитни на корелационите техники наспроти субјективизмот на мултиваријантните табелирања засновани на анкетните истражувања, сè поголемата употреба на математичко моделирање и компјутерска симулација на општествените процеси.

Во отсуство на општа теорија и единствени методи, процветот на специјалностите придонесува кон хетерогеноста на социологијата. Како што забележуваат Танер и Танер, многу специјалности не само што се организирани како посебни оддели во рамките на американската социолошка асоцијација туку и објавуваат посебни журнали и дури воспоставуваат сопствени академски здруженија. Не е изненадување тоа што еден студент кој студира, на пример, социологија на уметноста, чувствува поблиска интелектуална сродност со еден професионален историчар на уметноста отколку со еден математички демограф иако последниот е, номинално, колега, социолог. Вистина е дека посебните специјалности воспоставуваат сопствени врски со поврзаните дисциплини.

Една од најзначајните интердисциплинарни врски е воспоставена меѓу социологијата и историјата. И историчарите и социолозите се зафатија со глобални компаративно–историски студии на општествената и културната промена, искористувајќи притоа квантитативни и квалитативни податоци. Во текот на 1960–тите компаративно–историската социологија се појави како сосема нова специјалност со посебен оддел во американската социолошка асоцијација. Компаративно–историските социолози добија голем број на годишни награди на АСА за најдобра книга на годината на полето на социологијата. Визијата и методот во историската социологија, антологијата на текстови која во 1984 ја објави Теда Скопол (Theda Scopol) вклучува осврти врз трудови–

те на Марк Блох (Marc Bloch), Карл Полани (Karl Polanyi), С.Н.Еизенштат (S.N.Eisenstadt), Рејнхард Бендикс (Reinhard Bendix), Пери Андерсон (Perry Anderson), Е.П.Томсон (E.P.Thompson), Чарлс Тили (Charles Tilly), Имануел Валерштајн (Immanuel Wallerstein) и Барингтон Мур (Barrington Moor). Некои од нив се социолози, а некои историчари. Тили и, веројатно, приватниот истражувач Андерсон се идентификуваат подеднакво со двете дисциплини.[9]

Меѓу помладите истражувачи кои истражувале во областа на компаративно–историската социологија, некои од нив студенти на водечките личности спомнати во книгата на Скопол, спаѓаат Џефри Пеиџ (Jeffrey Paige), Ентони Гиденс (Anthony Giddens), Рандал Колинс (Randall Collins), Даниел Чирот (Daniel Chirot), Џон Ѕ. Хел (John A. Hall), Џенет Абу–Леход (Janet Abu-Lughod), Мајкал Мен (Micahel Mann), В.Г.Рансимен (W.G.Runciman) и Џек Голдстон (Jack Goldstone). Неколкумина од нив напишаа обемни расправи со светско–историска величина; други како, на пример, Гиденс, Колинс и Рансимен, компаративно–историскиот пристап го вградија во нивните општотеориски потфати. Некои професионални историчари како, на пример, Фернанд Браудел (Fernand Braudel) и Вилијам Мекнеил (William MacNeill), кои Колинс ги нарече „мега–историчари“,[10] станаа влијателни фигури.

Заземањето на централното место во дисциплината од страна на компаративно–историската макро–социологија не претставува изненадување затоа што еден од големите мислители кого социологијата го смета за свој се претстави себеси како компаративен историчар пред, не без опирање, да ја прифати етикетата социолог. Но иако прикажувањето на Макс Вебер како социолог за пример е одамна востановено, освен Бендикс, Еизенштат и Норберт Илајес (Norbert Elias), само неколкумина други социолози се обиделе да ја продолжат неговата истражувачка практика. Задоцнетата рецепција на марксизмот или нео–марксизмот во социологијата исто така имаше големо влијание врз компаративно–историското истражување иако добиените резултати честопати доведуваа до модифицирање на иницијалните мар–

9 Cambridge: Cambridge University Press, 1984.
10 Randall Collins, "The Mega-Historians", Sociological Theory, (Spring 1985), 114-22.

ксистички претпоставки на истражувачите. За ова, Франк Паркин (Frank Parkin), подбивајќи се, пишува „Се чини дека во секој неомарксист има еден веберовец кој се бори да излезе надвор."[11]

Компаративно-историските социолози, во голема мера, го сосредоточија нивното внимание врз економијата, државата, милитаризмот и меѓународните односи, теми кои претходно беа игнорирани од социолозите заради тоа што се сметаше дека на истите се претплатени од другите општествени науки или пак заради диркемовското или парсоновско инсистирање на културата и вредностите. Иронично е тоа што социолозите од профилот на Скопол, Тили, Гидинс, Колинс и Мен на војната и меѓудржавните односи им припишуваа главна па дури и примарна улога во историската промена токму во времето на крајот на Студената војна и смалувањето на стравот од нуклеарна војна. Ова е веројатно уште еден случај на познатото Хегелово правило дека бувот на Минерва полетува тогаш кога се спуштаат сенките на ноќта. Исто така, иронично е и тоа што поради исклучителниот развиток на социјалната историја, историчарите усвоија теми и методи од социолозите, а, пак, социолозите како да се придвижуваат кон пософистицираната верзија за старото сфаќање на историјата како борба меѓу кралства. Во една статија во која беше најавен подоцнежниот заклучок содржан во Рицеровата книга дека теорискиот плурализам ќе опстане и понатаму, Норберт Вили, „компаративните историчари" ги вклучи во листата на тројцата заговорници за нова „хегемонска теорија" во социологијата.[12] (Другите двајца беа квантитативците и микросоциолошките социјални конструкции.) Иако не станала, ниту пак е веројатно дека ќе стане, неоспорен стожер на компаративно-историската социологија, сепак, претставува значителен придонес кон интелектуалната основа на просечните социолози. Пред триесетина години американските социолози беа доволно информирани за американското општество, знаеја доста за примитивните општества кои ги истражуваа културните антрополози како, на пример, Малиновски, Мид, Линтон и Бенедикт, но недопуштиво ја игнорираа исто-

11 Frank Parkin, Marxism and Class Theory: A Bourgeois Critique (New York: Columbia University Press, 1979), 25.

12 Norbert Wiley, "The Current Interregnum in American Sociology", Social Research, 52 (Spring 1985), 179-207.

ријата на големите цивилизации, освен преку неколкуте фрагменти на кои наидуваа кај Вебер и случајно кај другите класични социјални теоретичари. Тие, дури, многу малку знаеја за западната и европската историја, особено за историјата на осумнаесеттиот век и за потеклото на модерниот свет. Затоа, не е случајно тоа што најголем број од компаративно–историските истражувачи кои ги споменав се Британци, кои имаа можност да стекнат подобро историско образование во споредба со најголемиот број Американци. Но, денес, американските социолози веќе не ја игнорираат историјата како некогаш.

Иако продолжува да биде главно посебно поле на социолозите, компаративно–историското истражување останува инхерентно интердисциплинарно. Ова ги ограничува неговите можности за подобрување на репутацијата на дисциплината. Апелот за социологија делумно лежи во надежта за откривање на ветените генерализации или закони кои владеат со општествените процеси со кои би се отстранила нужноста од детални, макотрпни и фактички истражувања на просторно и временски омеѓени отсечки кои традиционално ги истражуваат историчарите. Анти–позитивистичките движења од 1960–тите успешно ги поништија очекувањата за голем продор, евентуалното појавување на Њутон или Дарвин кој конечно би ја преобразил социологијата во специјализирана наука. Ниту преостанатите позитивисти во полето веќе не очекуваат таков исход. Она што еднаш го опишав како „синдром на крајот на 'исчекувањето по Њутон'" ја извлече социологијата од аурата на големите очекувања кои ѝ се прилепија претходно.[13]

Исто така, со општо воочливото исчезнување на сеопфатните интелектуалци социологијата стана помалку атрактивна за оној тип на личности кој во минатото даде најголем придонес.[14]

---

13 Dennis H. Wrong, "The End of the 'Waiting for Newton' Syndrom", Contemporary Sociology, 7 (November 1978), 734-7.

14 Russel Jacoby, The Last Intellectuals: American Culture in the Age of Academe (New York: Basic Books, 1987). Џејкоби го употребува терминот „јавни интелектуалци" за да го опише сојот чие што исчезнување тој го оплакува. Фразата постигна општа употреба. Јас сметам дека оваа фраза многу придодава, затоа што најголем дел од примерите кои ги споменува Џејкоби пишуваа еден за друг, а не за јавноста, исто како што тоа го прават академските специјалисти кои ги истиснаа нив. Тоа што тие пишуваа подобро и појасно размислуваа е сосема друга работа.

Отвореноста и неограниченоста на полето повлече луѓе за кои-што опишувајќи се себеси, Даниел Бел (Daniel Bell), напиша дека себеси се гледаа како „специјалци за генерализација“.[15] Бел, Дејвид Ризман (David Riesman), Ц.В.Милс, Луис Козер (Lewis Coser), Едвард Шилс (Edward Shils), Роберт Низбет (Robert Nisbet) и Натан Глазер (Nathan Glazer) се такви случаи. Социологијата пострада од отфрлањето на двата водечки позитивни стила кои го привлекоа подмладокот во подрачјето: позитивистичкиот потфат за конституирање на наука и слободната, сеопфатна креативност на интелектуалците. Неколку скорешни новинарски извештаи копнежливо повикуваа по исчезнатата ера од пред наводната сциентизација и политизација на подрачјето во текот на 1960–тите, ерата во која книгите како, на пример, Ризмановата *Осамена толпа*, Милсовата книга *Моќничката елита*, и Вилијам Вајтовата *Организацискиот човек*, беа од општ интелектуален интерес и го збогатија јазикот со нови фрази.[16] Ова е сосема погрешно. Вајт (William H. White) никогаш не беше академски социолог. Ризман беше професор по право без никакво формално социолошко образование. А Милс, еден бона–фиде социолог, неговите колеги често пати го гледаа како едно недораснато детиште (enfant terrible). Во далечните 1950–ти некому можеше да не му се понуди или, да ја изгуби веќе понудената, академска позиција (ова, барем еднаш, ми се случи мене) затоа што бил многу ентузијаст за Ризман или Милс, кои беа сметани како непрофесионалци. Тие беа маргинални, а не централни фигури во подрачјето кое подоцна стана погостољубиво, а не помалку гостољубиво, за стилот на работа кој го претставуваа тие.

Зошто се мисли дека веќе нема социолошки трудови од поширок интерес? Претпоставуваме дека светот не е битно променет од времето во кое пишуваа Ризман, Милс и Вајт. Поверојатно е дека тоа се должи на очигледноста на промените од 1960–тите поради што не беше неопходно социолошкото продирање под површината на секојдневниот живот. Ова, меѓутоа, сугерира еден поопшт заклучок: дека социологијата успешно ѝ ги

15 Daniel Bell, The Winding Passage (Cambridge, MA: ABT Books, 1980), 325.

16 “Sociology's Long Decade in the Wilderness”, The New York Times, str. E6; “Sociology is Banching Out, But Will the Field Be Splintered?” The New York Times, August 30, 1988, стр. A14.

пренела на јавноста сопствените внатрешни специфичности и пристапи така што професионалните социолози веќе не се неопходни за да нè информираат за начинот на кој живееме денес.[17] Информирањето за општеството, нешто што некогаш го правеа социолозите, денес го прават новинарите, „посматрачи учесници" како Роберт С. Линд (Robert S. Lynd), Вилијам Фут (William Foote), Џон Долар (John Dollard), Хортез Пудмејк (Hortense Powdermaker) и чикашките етнографи на урбаниот живот. Социолошките термини како, на пример, харизма, животен стил, алиенација, модел на улоги, и значаен друг станаа крилатици и клише на секојдневниот говор. Понекогаш се чини дека социологијата ја има таа судбина да го прокрчува патот на интелектуалните иновации кои потоа се усвојуваат од не–социолози како, на пример, јавноста, организациите кои тежнеат кон различни практични цели или други академски дисциплини. Ова е другата страна од медалот на науката со отворени граници. Додека едни освојувачи окупираат некој дел од нејзината територија некои други се враќаат внатре натоварени со прекрасен плен. Идеи и термини првично развиени од социолози стануваат дел на конвенционалното разбирање. Темите кои најпрво беа истражувани од социологијата, вклучувајќи ги семејството, половите улоги, општествените класи, етничките односи, културните менталитети, всушност, целокупната сфера на граѓанското општество во која влегува целокупниот социјален живот различен од државата и економијата, беа усвоени и придодадени како нова димензија на историјата, другите општествени науки и, денес, на хуманистиката.

Методите, исто така, беа присвоени. Анализата на гласањето и ставовите на избирачите, една од главните теми на социјалните истражувања во 1950–тите, сега рутински се практикува од страна на професионалните политички консултанти и организаторите на кампањи чии што финансиски ресурси далеку ги надминуваат оние на академските истражувачи, особено кога станува збор за одѕивот на изборите и употребата на шпиц групите. Болниците и школите вработуваат голем број на социолози што, според податоците на АСА, од социологијата на медицината

17 Dennis H. Wrong, "The Influence of Sociological Ideas on American Culture", во Herbert J. Gans, ed., Sociology in America, (Newbury, CA.: Sage Publications, 1990), 19-30.

направи една од најголемите специјалности во оваа област.[18] Докторите ја открија вредноста на систематската статистичка постапка која ја следат социолозите, за разлика од нивната традиционална немарна компилација на поединечни клинички случаи. Меѓутоа, сепак, тешко е да се поверува дека медицинската професија која има толку обилна продукција на нови пара-медицински специјалности и субспецијалности, ќе продолжи бескрајно да се потпира врз квалификациите на социолозите. Иако социолошките институти и понатаму вработуваат најголем број од криминолозите,[19] од неодамна криминологијата ја вклучуваат во новите универзитетски институти за криминална правда кои понекогаш издаваат и сопствени дипломи, иако се потпираат врз поголем број на релевантни дисциплини.

Сите овие трендови заедно објаснуваат зошто социологијата испушти да го постигне статусот на безбедна и високо ценета дисциплина кон што таа се стреми многу одамна и кој само за малку не го постигна пред една генерација. Тешко е да не се согласиме со заклучокот на Џонатан Танер дека „во иднина социологијата ќе биде аморфна, слабо структурирана, интелектуално еклектичка и не многу почитувана дисциплина".[20] Ваквиот заклучок Танер го нарекува „песимистички", но како што покажа самиот со него се опишува минатото, сегашноста и иднината на социологијата, со исклучок на оние кратки меѓупериоди како, на пример, во 1950-тите, кои се покажаа како транзитивни и привидни. Заклучокот изгледа песимистички само поради тоа што разочарувањето е вградено во возвишените визии на мислителите од минатото како, на пример, Конт, Спенсер, Диркем и Парсонс и поради тоа што постои општо уверување дека нема да се повтори ниту навестениот консензус од педесеттите ниту интелектуалните ферменти и возбудувања од шеесеттите.

Иако не се разликуваат од заклучоците на Танер, Неил Смелсер сопствените заклучоци ги изложува на помалку нега-

---

18 William C. Cockerham, "Medical Sociology", во Smelser, ed. Handbook of Sociology, 575. Кокермен известува дека во Западна Европа и Соединетите Држави повеќе социолози работат на подрачјето на медицинската социологија отколку на кое било друго посебно подрачје.

19 Така ме убедува мојот колега Дејвид Гринберг (David Greenberg) од колеџот на Универзитетот Њу Јорк.

20 Turner, "The Past, Present and Future of Theory in American Sociology", 388.

тивен и критички начин што несомнено се совпаѓа со неговиот квазиофицијален статус на издавач и организатор на последниот обемен прирачник кој настојува да го покрие целото подрачје. Смелсер цитира еден благонадежен исказ на Парсонс од 1950–тите за иднината на социологијата и забележува дека кај Парсонс не се забележливи упати за „можна стагнација или кочење на материјалната основа на дисциплината... или за (нејзина) внатрешна диференцијација, фрагментација и конфликт". (нагласката е смелсерова.) „Ваквите теми", продолжува тој, со докажувањето „мораше да бидат во жижата на сите расправи за социологијата од времето кога пишуваше Парсонс."[21] Смелсер, без да коментира, известува за Парсонсовите објави дека социологијата веќе „постигнала забележително подобрување на статусот" објава која одѕвонува со извесен патос или, веројатно, со надменост која доаѓа од една возвишена точка.

Сепак, не е веројатно дека подрачјето ќе се растопи во целост на неговите составни елементи, ако не поради друго тогаш, барем, поради тоа што една веќе, во универзитетите, добро институционализирана дисциплина не може да биде укината без уставен амандман или, барем без акт на Конгресот. Старите и нови општествени проблеми – расните тензии, бездомниците, болеста на недостиг на автоимунитет позната како AIDS, криминалот, прогресивното распаѓање на внатреградското соседство, новата имиграција (една од автентичните теми на кои американската социологија ги наостри нејзините заби на почетокот на векот) – ќе ги држат социолозите зафатени и ќе ги вовлечат во владините социјални политики. Исто така нема да пресушат ниту ќе исчезнат интенциите за апстрактно теоретизирање за општеството и историјата или за искористување на епистемолошките основи на општественото познание. Развивањето на нови можности за употреба на компјутерски, статистички и математички техники во анализата на општественонаучни датотеки и понатаму ќе го привлекува вниманието на многумина истражувачи. Неколку главни институти за социологија, вклучувајќи ги Колумбија и Харвард, во последните години зачекорија кон силно нагласување на математичката социологија.

---

21 Smelser, "Introduction", во Smelser, ed. Handbook of Sociology, 10.

Накратко, трите главни составни делови на американската социологија, онака како што таа се развива од 1890-тите па преку 1920-тите - теоријата, реформизмот, истражувачките методи – сè уште обезбедува рационално и потенцијално обновување на дисциплината. Или можеби би требало да се рече дека станува збор за три дистинктивни рационалности и извори на надеж меѓу кои, денес, постојат помалку мостови отколку во минатото и дека не постојат големи шанси за скорешно појавување на нови.

Превод од англиски:
**Д-р Ило Трајковски**